Дневник-24.10.2008

# ИМА ЕФЕКТИ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## Резултатите од селекцијата на отпадот не се за фрлање

Во Општината Карпош за 6 месеци се направени 60 т.н. екоострови, а на домаќинства им се делат сини и жолти кеси за собирање хартија, односно пластика



*Контејнерите како еколошки острови ќе бидат распоредени низ сите скопски општини*

Општината Карпош прва ги собира плодовите од проектот за селекција на отпадот. Според податоците од „Комунална хигиена“, од февруари до половината на октомври, собрани се 55 тони и 200 килограми хартија и 290 килограми пластични кеси само од територијата на оваа општина. Целта овој систем да се воведе на подрачјето на целиот град. Се работи и на тоа селекцијата на отпадот да се воведе и на депонијата Дрисла, по што, според комуналците, се очекуваат уште подобри ефекти во заштитата на животната средина.

Проектот во Карпош почна пред повеќе од шест месеци и веќе на територијата на општината има 60 т.н. еколошки острови, односно простори со контејнери за селектирање отпад. Во населбите Тафталиџе 1, Тафталиџе 2 и во Влае, системот на селекција функционира во индивидуалните домаќинства каде што се делат сини и жолти кеси. Во сините се селектира хартија, а во жолтите ПЕТ-амбалажа.

- Се трудиме двапати во месецот да го подигнеме овој вид отпад. Се надеваме дека ќе имаме далеку подобри резултати, кога ќе се воспостави системот на селекција на отпадот на територијата на целиот град - нагласи Југослава Поленак, портпарол во ЈП „Комунална хигиена“. В понеделник пристигнуваат 87 нови жичени контејнери за пластична амбалажа, што е резултат на соработката на Јавното претпријатие со УСАИД. Контејнерите како еколошки острови ќе бидат распоредени низ сите скопски општини, поточно во урбаниот дел од градот во кој ова јавно претпријатие дава услуги.

Паралелно со настојувањето да се воведе селекцијата на отпадот се одвива и процесот на едукација на децата од основните училишта за селекција и рециклирање на отпадот. Неделава на ред се училиштата во Општината Кисела Вода. Претходно едуцирањето заврши во Ѓорче Петров и во Центар, а минатата година во Карпош.

Проектот за рециклирање пластика на УСАИД, вреден 1,2 милион долари, се спроведува во партнерство со општините, како и со јавните или приватни комунални претпријатија. Проектот иницираше програми за собирање пластичен отпад и основаше клубови за рециклирање во основните училишта, опреми еколошки острова и со соодветна опрема поддржа осум компании за рециклирање.

**ИНФО-Екоедукација**

Едукацијата опфати вкупно 30 училишта на територијата на целиот град. Се состои од екочасови, а во саботите, за децата има и практична настава - се организираат игри за рециклирање, екоспортско другарување, заедно со УСАИД и со Отворените забавни фудбалски школи. Во рамките на едукацијата е изработена и сликовница на македонски и на албански јазик, наменета за помладата популација.